Совет на Општина Делчево
Број 09-2973/1
30.12.2025 година
Д е л ч е в о

# ЗАПИСНИК
## од одржаната Трета седница на Советот на Општина Делчево

Третата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 30.12.2025 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 08:00 часот.

На Седницата присуствуваа сите 15 советници, образлгачите на точките и претставници на медиумите.

За Третата седница на Советот на Општина Делчево, тој го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од Втората седница

1. Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

2. Предлог-Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

3. Предлог-Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

4. Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

5. Предлог-Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

6. Предлог-Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

7. Предлог-Одлука за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ – Делчево;

8. Програма за спорт на општина Делчево за 2026 година;

9.Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година; 10.Предлог-Одлука за измена на Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево;

11. Предлог-Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување;

**Образлагач:** Билјана Прачкоска-Раководител на Одделение за Локален економски развој.

12. Предлог-Програма за образование за 2026;

**Образлагач:** Ванчо Новоселски-Советник за образование.

13. Предлог-Програма за работа во обласка на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;

**Образлагач**:Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.
14. Предлог-Одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево;
**Образлагач**:Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општина Делчево.
15. Годишен извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2025 година со Заклучок за усвојување;
16. Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2026 година со Заклучок за усвојување;
**Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден„-Делчево.
17. Предлог-програма за јавна чистота во Општина Делчево за 2026 година;
**Образлагач**: Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура.
18. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година ;
**Образлагач:** Тони Вангеловски-Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај.
19. Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2026 година;
20. Предлог-Одлука за извршување на буџет на Општина Делчево за 2026 година;
21. Предлог-Одлука за утврдување на висината на бодот за утврдување на плата на административни службеници на општина Делчево за 2026;
22. Буџетски календар;
23. Предлог-Одлука за дополнување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2026;
**Образлагач**: Ана Ситновска Димитровска- Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци.
24. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање 21-2970/1 од 22.12.2025;
25. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош по барање 21-2971/1 од 22.12.2025;
26. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање 21-2972/1 од 23.12.2025;
27. Предлог-Решение за именување на членови на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.
**Образлагач:** По точките од 24 до 27-Николчо Стојменовски-претсдател на Советот и претседател на Комисијата з амандатни прашања, избори и именувања.

28. Одлука за Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево за 2026 година;
**Образлагач**: Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.
29. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Тони Стаменковски кој побара точката со реден број 13- Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Делчево за 2026 година, да се симне од дневен ред. Како образложение на неговиот предлог за симнување на оваа точка од дневен ред, тој истакна дека:

„Предлог – Програмата не обезбедува долгорочен економски, социјален ниту инфраструктурен развој на општина Делчево.
Истата создава исклучиво еднократен приход во општинскиот буџет, по што општината трајно го губи правото на располагање со значаен јавен ресурс.
Во предложената програма не постои јасно утврдена, конкретна и обврзувачка намена на средствата, не постои гаранција дека истите ќе бидат искористени за капитални инвестиции од јавен интерес. Со оглед на досегашната буџетска практика, постои основан ризик средствата да

бидат потрошени за тековни расходи, што не создава трајна вредност за граѓаните, туку само го затвора буџетскиот јаз на краток рок. Без јавна расправа и без вклучување на граѓаните, оваа одлука претставува грабеж на земјиштето кое е заедничка сопственост на сите граѓани на Општина Делчево.

Со продажбата, општината:

- се лишува од можноста да креира идни развојни политики,
- се откажува од потенцијални одржливи приходи,
- и го загрозува јавниот интерес на долг рок.

Поради сето наведено, тој побара предлог-Програмата да не се усвои, односно истата да се повлече од дневниот ред и да се изработи нов модел за користење на земјиштето, кој ќе биде во функција на јавниот интерес и долгорочниот развој на општина Делчево.“

На крај од својата дискусија тој побара неговиот предлог и образложениeто да влезат во Записникот од оваа седница.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, за збор се јави претседателот на Советот кој побара дневниот ред да се дополни со точка донесување на Заклучоци во врска со барањето на вонредна седница од страна на СДСМ, а во врска со Информација за можното згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британија во Република Северна Македонија, т.е во нашата општина Делчево.

Процедурално за збор се јави Игор Гошевски кој праша дали до советниците ќе се достави материјал во врска со таа точка.

Претседателот на Советот рече дека рече дека Советничката група на СДСМ поднела барање за свикување во вонредна седница и тие требале да достават материјал во врска со нивното барање.

Игор Гошевски рече дека Советничката група на СДСМ не бара за оваа седница дополнување на дневниот ред со ваква точка.

Тони Стаменковски рече дека разгледување на точка од ваков карактер е во надлежност на централната власт, а не на локалната и затоа и воопшто не гледа причина ваква точка да да се разгледува на локално ниво.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата по дневниот ред.

На гласање беше ставен неговиот предлог за дополнување на дневниот ред со точка-донесување на Заклучоци во врска со Информација за можното згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британија во Република Северна Македонија.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, предлогот за дополнување на дневниот ред беше прифатен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Втората седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од Втората седница.

Прва точка- Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

Точката ја образложи Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и ошти работи и јавни дејности, која истакна дека оваа точка и наредните 5 биле разгледувани на минатата седница и веќе сте запознаени со нив. Имено, согласно измените на Законот за јавни претпријатија од 2021 има нов начин за пријавување на кандидати за челнови на надозрниот и управниот одбор на јавните претпријатија и согласно Законот за јавни претпријатија, како и Правилилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и

селекција на кандидадатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Делчево треба да донесе Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево. Бидејќи со истекувањето на рокот по овој повик не се јавил ниту еден кандидат, на денешната седница повторно се ставени на дневен ред тие точки.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Втора точка-Предлог-Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече се повторува постапката за распишување Јавен повик за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, рокот за пријавување е од 12.01.2026 до 16.01.2026 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша колку лица биле пријавени по претходниот повик?

Ивана Ивановска рече дека иту еден кандидат не се пријавил по претходниот повик.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот на општинаДелчево објави Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

**Трета точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

Ивана Ивановска ја образложи и оваа точка и рече дека согласно законските одредби Советот на Општина Делчево формира Комисија за селекција за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално- финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево и тоа:

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат

- Ивана Ивановска-претседател
- Наташа Димитровска– заменик претседател

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат

- Сузана Петровска – член
- Винко Ангеловски – заменик член

Од редот на вработените во Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се именуваат:

- Методи Кушовски– член
- Соња Тасевска – заменик член

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот на општина Делчево ја донесе и оваа точка.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

Во врска со оваа точка Општина Делчево распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на 5 кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево. Таа истакна дека во материјалите доставени до советниците пишува 4 члена бидејќи по првиот Јавен повик се пријавило 1 лице, кое ја поминало административната селекција, ама не се појавило на интерврју, а материјалите веќе биле доставени до советниците. Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Постапката за избор на членови во управен одборна на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша колку лица се пријавила за оваа функција по првиот повик?

Ивана Ивановска рече дека по тој повик се пријавило само едно лице, истото не се појавило на интервјуто и затоа сега има исправка на јавниот повик, за 5 лица, наместо за 4.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот на општина Делчево ја донесе и оваа точка.

**Петта точка-Предлог-Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

Во врска со оваа точка Ивана Ивановска рече дека предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (3) члена во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, со седиште на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36, Делчево. Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

Јавниот повик со сите услови ќе се објави на веб страната на Општина Делчево и на веб страната на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево и ќе трае од 12.01.2026 година до 16.01.2026 година.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот на општина Делчево ја донесе и оваа точка.

**Шеста точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

Ивана Ивановска ја образложи и оваа точка и рече дека согласно законските одредби Советот на Општина Делчево формира Комисија за селекција за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално- финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево и тоа:

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат

- Ивана Ивановска-претседател
- Наташа Димитровска– заменик претседател

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат
- Сузана Петровска – член
- Винко Ангеловски – заменик член

Од редот на вработените во Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се именуваат:
- Методи Кушовски– член
- Соња Тасевска – заменик член

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот на општина Делчево ја донесе и ова решение.

Седма точка-Предлог-Одлука за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ – Делчево;

Оваа точка се предлага од причини што не се обезбедени финансиски средства за работа на музејот, односно за одржливо вршење на дејноста за која е основан.Музејските предмети согласно со Елаборат за валоризација на археолошка збирка бр.03-886/1 од 09.09.2008 година, Елаборат за валоризација на археолошка збирка бр.03-886/2 од 15.10.2008 година и Елаборат за валоризација на етнолошката збирка бр.03-838/1 од 25.08.2008 година и целокупната документација ќе бидат преземени од Национална установа *Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“* Делчево, по добиена согласност од Управата за заштита на културното наследство, по што ќе биде донесена Одлука за давање на трајно користење на археолошко-етнолошко музејска збирка.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали само финансиските средства се причина за затварање на музејот?

Образлагачот рече дека финансиските средства се причина за затварањето на музејот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 3 „воздржани“, Советот на општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Осма точка- точка-Програма за спорт на општина Делчево за 2026 година;

Образлагач и на оваа точка беше Ивана Ивановска која рече дека оваа точка била разгледана на седница на Комисијата за спорт, истата била детално образложена и било одговорено на прашањата кои биле поставени во оврска со неа. Законски основ за донесување на оваа Програма се основните одредби на Законот за спорт и Законот за локална самоуправа. Со Програмата се зајакнува улогата на училишните спортови и развој на здравите навики кај учениците преку поддршка на Федерацијата на училишни спортови. Дополнително, преку оваа Програма се обезбедуваат награди за ученици и ученички- талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот за постигнати особени резултати на државни или меѓународни спортски натпревари. Општината во рамки на Програмата дава еднаков пристап на сите, со правилна распределба на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително дава можност за вклучување и на лицата со попреченост кои ќе можат да бидат дел од активностите кои ги организира Општината, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани. Исто така, се води сметка за унапредување на родовата рамноправност во спортот на локално ниво и цениме дека во блиска иднина Општина Делчево во своите програми, стратегии, како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на женските спортисти исто, како и на машките спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување. Потребно е постојано да се следат и да се идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално ниво, подготвување препораки за надминување на родовата

дискриминација во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи.Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови/здруженија и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Понатаму во своето образложение таа истакна дека основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2026 г. се: Одговорност, Развој , Еднаков третман , Пристапност до објектите за спорт и Промоција. Главна цел на Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2026 г. е афирмирање на Општина Делчево како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и на нивно образование кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци. Покрај главната цел има и специфични цели на Програмата,а тоа се:

1. Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.
2. Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.
3. Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби
4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.

Направена е анализа на моменталната сотојба, направен е и табеларен приказ на спортските објекти и рекреативни патеки, анализа на активни спортски клубови во нашата општина, а се наведени трендовите и активностите за 2026 година и тоа: финансиска поддршка на клубови и индивидуални спортисти, наград за талентирани спортисти, организација на спортска манифестација и изработка на пропагандни материјали, потоа организирање на дебати и трибини за поттикнување на младите за практикување на спортот како начин на живот- со цел промоција на здрав начин на живот и поттикнување на младите за поактивно практикување на спортот ќе се организираат дебати или трибини наменети за средношколците. Одговорни за реализација се ученичките заедници, дебатни училишни клубови, стручен кадар од училиштата, НВО сектор. Ако имате прашања, повелете, рече таа. Јавниот повик се планира да биде распишан во месец јануари

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека:

„ Денес се расправа за Програмата за спорт за 2026 година која на прв поглед делува уредно, законски усогласена и технички коректна, но обврската на нас како Совет не е само да гледаме дали е нешто исправно или навистина носи визија и развој. Кога истата ќе се спореди со Програмата за 2025 година, доаѓаме до Заклучок дека ова не е нова програма туку е препишана ланската програма. Единствена разлика е настанот-прогласување на спортист на годината кој секако е за поздравување бидејќи ќе претставува мотив за спортистите дополнително да се докажуваат. Почитувани колеги, тоа се истите цели, истите активности, истите буџетски ставки, идентичен буџет од 1.236.000 денари. Прашањето што логично се наметнва е-каде е напредокот, каде е одговорот на потребите на младите, клубовите и спортистите? Општина Делчево се соочува со сериозни предизвици-иселување на младите, намален интерес за организиран спорт, спортски клубови кои едвај опстануваат, а ние повторно нудиме ист документ. Особено загрижува фактот што Јавниот повик повторно апсорбира 800.000 денари без јасна анализа колку и какви

резултати се постигнати, колку и кои спортски клубови напредувале, кои стагнирале, колку средства биле ефективно искористени и што сме добиле за тие пари. Нема извештај колку деца повеќе спортуваат во однос на ланската година, колку нови спортски дисциплини се развиени, колку жени и колку лица со попреченост реално се вклучени. Понатаму, иако во Програмата декларативно се зборува за младите, за мотивација, за здрав живот и слично, нема нови младински иновативни програми, нема дигитални алатки. Почитувани, спортот не треба да биде....., спортот се развива со визија.Денес испраќаме јасна порака-Општина Делчево заслужува многу повеќе, нашите млади заслужуваат повеќе, а нашите спортски клубови заслужуваат стратегија, а не административна рутина. Како конструктивна опозиција нашата цел не е да уриваме туку напротив да градиме и развиваме. Затоа, предлагаме конкретни и реално издржани мерки кои можат веднаш да се применат без зафаќање на дополнителни средства од вкупно планираниот буџет за оваа програма".

Имено, предлагаме неколку амандмани во врска со Програмата за спорт на Општина Делчево за 2026 година и тоа:

Во делот **„Јавен повик за поддршка на спортски клубови"**, се додава нов став, кој гласи:
„Средствата од Јавниот повик се распределуваат врз основа на јавно објавени и бодовно дефинирани критериуми, кои задолжително ги опфаќаат:
– број на активни членови (мажи/жени),
– работа со деца и младинци,
– континуитет и резултати во натпреварување,
– вклученост на девојчиња и на лица со попреченост."Со овој амандман се зголемува транспарентноста и правичноста при распределба на 800.000 денари јавни средства

Во делот „**Финансиски средства – Јавен повик**", се додава нова одредба:
„Најмалку 20% од средствата од Јавниот повик задолжително се наменуваат за поддршка на младински спорт, спортски школи и активности за деца и младинци."
Овој амандман обезбедува системска инвестиција во идните генерации спортисти без зголемување на буџетот.

Во делот „**Поддршка на спортски манифестации и натпревари**", се додава нова активност:
„Формирање и организација на Општинска младинска спортска лига (фудбал, кошарка, одбојка), во соработка со училиштата и спортските клубови."
Средствата се обезбедуваат од постојната ставка „Поддршка на спортски манифестации – 70.000 денари".
Со овој амандман се зголемува масовноста и редовната спортска активност кај младите.

Во делот **„Рекреативен спорт и социјална инклузија**", се додава нова мерка:
„Општината формира мал фонд за поддршка на деца и млади од социјално ранливи семејства за набавка на основна спортска опрема и членарини."
Средствата се обезбедуваат со внатрешна прераспределба во рамки на Програмата.
Амандманот обезбедува еднаков пристап до спорт за сите деца.

Во делот „**Следење и известување за реализација на Програмата",** се додава обврска:
„Годишниот извештај задолжително содржи мерливи индикатори, и тоа:
– број на нововклучени спортисти,
– број на деца и млади (м/ж),
– број на реализирани натпревари и активности,
- резултати по поддржан спортски клуб.
Се овозможува оценување на ефектите од вложените средства.

**Во делот „Поддршка на рекреативни активности**", се додава нов став:
„Општината ќе организира бесплатни или отворени рекреативни спортски активности за граѓани, повозрасни лица и рекреативци, користејќи ги постојните спортски објекти."
Овој амандман ја проширува користа од програмата кон поширок круг граѓани.

**Во Програмата се додава нова потточка:**

„Се дозволува користење дел од средствата од Програмата за поправки, одржување и подобрување на постојната спортска инфраструктура (осветлување, реквизити, безбедност).“
Со мали интервенции се подобруваат условите за тренинг и натпревари.

Ивана Ивановска рече дека можеби на прв поглед Програмата е иста, но за разлика од лани оваа година ќе има Јавен повик, ќе се распише во јануари. Во самата Програма има делови кои секогаш ќе бидат исти, Вовед, Законски основ, Цели, Активности, Динамика и временска рамка. Друга работа е тоа што Програмата мора да биде усогласена со Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани. Што се однесува до критериумите, Вие како советници, како Совет ги утврдувата истите, поточно Комисијата за спорт, рече таа.

Игор Гошевски рече штом голем дел од активностите не се реализирани лансканата година значи дека нешто не е добро и требало да се промени.

Ивана Ивановска истакна дека тоа било во рацете на Советот и советниците.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека градоначалникот и општинската администрација ги предлагаат одлуките и програмите, но истите ги донесува Советот, ако нешто не е во ред, Советот може да ги измени, дополни и слично. Исто така, како што рекла и образлагачот на точката има и други претходно донесени правилници со кои мора да бидат усогласени програмите. За амандманите што се поднесуваат си има посебна постапка и истата треба да се запази. Не треба само папирологија и паушални изјави, треба конкретни мерки и предлози. „Очекував дека ќе присуствувате на настанот „Спортист на годината“како член на Комисијата за спорт“, рече градоначалникот на Оштина Делчево, Иван Гоцевски.

Игор Гошевски имаше реплика на градоначалникот и рече дека оправдано бил отсутен од настанот „Спортист на годината“ бидејќи советниците имале обука за електронски седници. Инаку, ние сме конструктивна опозиција, доказ за тоа се нашите поднесени амандмани. Сите ние сме тука да работиме за доброто и во интерес на граѓаните, рече Игор Гошевски.

Виктор Ѓеоргиевски претседател на Комисијата рече дека оваа точка била разгледана на Комисијата и истата предлага Советот да ја донесе оваа Програма.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и на гласање беа ставени амандамните поднесени од страна на СДСМ.

Со 3 гласа „ЗА“ и 12 „воздржани“, амандманите не беа усвоени.

Потоа, претседателот ја стави точката на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „воздржани“ Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за спорт на општина Делчево за 2026 година.

Деветта точка- Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година;

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2026г. се:

Одговорност - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на соработката со граѓанските организации.

Развој - континуирана поддршка на граѓанските организации за реализација на програмите и проектите.

Транспарентност - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од Програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

Промоција – промовирање на сите активности преку организација на јавни трибини, наменски средби со организациите од конкретна област, објавување на информациите на веб-страницата на Општината и на локалните медиуми.

Еднакви можности и недискриминација -почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во остварувањето на нивните основни права и слободи и на придобивките од политичките, економските и социјалнитеп роцеси и механизми. Граѓанскиот сектор по својата природа на делување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, особено маргинализираните како: сиромашни, жени, Роми, лица со посебни потреби и сл. Па, врз основа на овој факт, Програмата ја има предвид и социјалната кохезија како приоритетна област која единствено може да биде достигната ако се почитуваат принципите на еднаквост, еднакви можности и недискриминација.Програмата за активностите во областа на граѓанскиот сектор во Општина Делчево за 2026 год. е направена врз основа на основните одредби на Законот за здруженија и фондации, Законот за локална самоуправа, Законот за еднакви можности, Статут на Општина Делчево, како и Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Службен гласник на Општина Делчево бр.2/2018 и 21/25).

Главна цел на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2026 г. е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики. Специфични цели на Програмата се:

1. Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината

-Специфична цел:

1.Зголемување на учеството на младите, момчиња и девојчиња, во креирање локални политики и програми.

-Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите, момчиња и девојчиња, за болестите на зависност, значењето на превентивните здравствени прегледи кај мажите и жените, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и др.

2. Учество на граѓаните во локалниот развој

-Специфична цел: 1. Унапредување на соработката помеѓу Општина Делчево и здруженија и фондации во согласност со можностите и условите, преку воспоставување механизми за соработка;

-Специфична цел: 2. Создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;

-Специфична цел: 3. Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии;

-Специфична цел: 4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.

-Специфична цел: 5 Вклучување на најмалаку една жена во работата на месните и урбаните заедници.

3. Развој на услуги

-Специфична цел: 1. Обезбедување постојани и квалитетни услуги за граѓаните

-Специфична цел: 2. Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО

4. Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија на климатските промени

-Специфична цел: 1. Намалување на интензитетот на загадување и на климатеските програми

-Специфична цел: 2. Креирање програми/стратегии за искористување обновливи извори на енергија

Во продолжение таа зборуваше за активните здруженија на територија на нашата општина и реализираните настани и проекти на Општина Делчево со здруженија на граѓани во Општина Делчево меѓу кои КУД „Гоце Делчев“, „Бравура кооператива“, „Регионален центар за

застапување“, ЗФГ „Копачка“, Организација „Жена“, „Пијанечки глас“, НВО „КХАМ“, „Тернипе“, Здружението „Пчела“, ОО „Црвен крст“ – Делчево, како и за финансиската поддршка на истите од страна на Општина Делчево.

Таа истакна дека финансиската поддршка на ОпштинаДелчево на граѓанските здруженија во Општина Делчево е согласно со одредбите од член 49 од Законот здруженија и фондации и согласно со одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапкатаза доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Средства се доделуваат согласно со Правилникот и во транспарентен процес преку јавен повик кој се објавува на почетокот на календарската година во месеците јануари/март.

Висината на средствата за финансиска помош на граѓанските здруженија одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно. Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно одредбите од овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 49 од овој Правилник. Што се однесува до висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие здружението во тековната година по пат на јавен повик, таа истакна дека може да изнесува најмногу до 100.000 денари. Постапката за доделување финансиска помош на граѓански здруженија ја спроведува Комисија за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија согласно со одредбите на овој Правилник. На крајот таа зборуваше за табеларниот преглед на планирани активности, динамика, индикатори и финансиската конструкција- на оваа Програма (967.000,оо денари), ризиците, очекуваните резултати и влијанијата врз оваа Програма на разни фактори.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали во оваа Програма има нешто ново, нешто додадено за оваа година или и таа е иста како претходната?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека во еден дел програмата мора да биде иста како претходната оти тоа се активности кои се спроведуваат и реализираат секоја година.

За збор се јави Игор Гошевски кој ртече дека и во оваа програма нема суштински напредок , нема јасни приоритети, нема мерливи индикатори, недоволна финансиска транспарентност. Советот донесува Програма, а нема Извештај за реализација на истата за преходната година.

Од името на Советничката група на СДСМ поднесе амандамани во врска со оваа Програма и тоа:

1. **Во Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година, по точка II – „Цели на програмата“, се додава нова точка II-а, која гласи**:
„II-а. Приоритетни области на поддршка

(1) За 2026 година, поддршката на граѓанскиот сектор ќе се насочува кон следните приоритетни области:
– активно учество на младите во креирање на локални политики;
– заштита на животната средина и климатски активности од локално значење;
– родова еднаквост и социјална инклузија на ранливи групи;
– развој на локалната заедница преку граѓанско учество и волонтерство.

(2) Најмалку 70% од вкупните средства предвидени за јавниот повик ќе се распределат за проекти од приоритетните области од став (1) на оваа точка.“Со утврдување на приоритетни области се обезбедува фокусирана, ефективна и развојно ориентирана поддршка, наместо распарчување на средствата.

Тој истакна дека со утврдување на приоритетни области се обезбедува фокусирана, ефективна и развојно ориентирана поддршка, наместо распарчување на средствата.

**2.Во точката VIII – „Финансиски извори и ресурси**“, **по ставот кој се однесува на Јавниот повик, се додава нов став, кој гласи:**

(1) Минималниот износ на финансиска поддршка по поединечен проект не може да биде помал од 30.000 денари.

(2) Максималниот износ на финансиска поддршка по поединечен проект не може да надмине 150.000 денари.

(3) Со Јавниот повик поблиску се уредува начинот на распределба на средствата во рамките на утврдените лимити.“

Овој амандман воведува предвидливост, еднаков третман и спречува нерамномерна и неаргументирана распределба на јавните средства.

**3.Во делот што се однесува на доделување на финансиска поддршка, се додава нова точка која гласи:**

**„Критериуми за избор**

(1) Проектите пријавени на јавниот повик се оценуваат врз основа на следните критериуми:

– усогласеност со приоритетните области;
– реалност и изводливост на проектните активности;
– очекуван ефект врз локалната заедница;
– капацитет на организацијата за реализација;
– вклученост на граѓани и волонтери.

(2) Критериумите од став (1) задолжително се објавуваат заедно со Јавниот повик.“
Со ова се зајакнува транспарентноста и се намалува можноста за дискреционо одлучување.

**4.Точката IX – „Следење и известување“, се дополнува со нови ставови, кои гласат:**

(1) Корисниците на финансиска поддршка се должни, покрај наративен и финансиски извештај, да достават и краток опис на постигнатите резултати и ефекти врз заедницата.

(2) Општина Делчево најмалку еднаш годишно објавува збирен извештај за реализацијата на Програмата на својата веб-страница.

(3) Збирниот извештај се доставува и до Советот на Општина Делчево на разгледување.“

Советот и јавноста мора да имаат увид не само во трошењето на средствата, туку и во ефектите од нив.

**5.Во Завршните одредби се додава нов став, кој гласи:**

При изработка на Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор за наредната година, Општина Делчево е должна да организира најмалку една јавна консултација со граѓанските организации.“

О вој амандман овозможува вистинско партнерство и учество на граѓанскиот сектор уште во фазата на креирање политики, рече тој.

Ивана Ивановска рече дека голем дел од амандманите се содржани во Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Што с еоднесува до критериумите по Јавниот повик сите се транспарентно објавени, а во врска со извештаите таа истакна дека сите здруженија поднесуваат и наративни и финансиски извештаи.

Градоначалникот на Општина Делчево истакна дека треба да има конструктивни дискусии и предлози, а не паушални. Критериумите ги донесуваат советниците, соодветните комисии формирани од страна на Советот

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а на гласање беа ставени амандманите поднесени од страна на СДСМ.

Со 3 гласа „ЗА“ и 12 „воздржани“, истите не беа усвоени.

На гласање беше ставена Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „воздржани“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа програма.

**Десетта точка- Предлог-Одлука за измена на Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделението за

правни и општи работи и јавни дејности која рече дека во Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/25), член 1 став 1 се менува и гласи:

Со оваа Одлука Општина Делчево, отстапува на користење просторија број 2 во површина од 40,93 м2 и 3 и просторија број 3 во површина од 19,28 м2, лоцира ни ул. „М.М. Брицо“ бб, Делчево запишани во Имотен лист 10321,на КП бр.7132 зграда број 1, кат број 1, сопственост на Општина Делчево за потребите на Младинскиот центар. Просторијата се наоѓа во зградата на Старо собрание.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Единаесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување;

Образлагач по оваа точка беше Билјана Прачкоска-Раководител на Одделение за Локален економски развој која истакна дека оваа одлука е врз основа на член 34 од Законот за заштита и спасување и Законот за локална самоуправа. Со неа се формира Штаб за заштита и спасување кој е составен од 23 лица, тоа е дадено во член 1 од оваа одлука. Покрај постојаните членови, Штабот за заштита и спасување на општина Делчево може да ангажира и други лица како привремени членови во зависност од елементарната непогода која во даден момент е актуелна.Задача на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево е да раководи со просторните сили и другите субјекти ангажирани за заштита и спасување, како и донесување на конкретни мерки и активности за време на кризна или вонредна состојба.

Материјалното обезбедување на Штабот за заштита и спасување за општина Делчево ќе се врши преку Буџетот на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, истата беше донесена.

Дванаесетта точка-Предлог-Програма за образование за 2026;

Образлагач по оваа точка поднесе Ванчо Новоселски-Советник за образование. Кој истакна дека пред советниците е Програмата за образование за 2026 година која е развојна и родово сензитивна. Истата била разгледа на седница на Комисијата за јавни дејности. Истата содржи 11 поглавја и е изработена врз основа на Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за локална самоуправа, Законот за еднакви можности, Статутот на Општина Делчево и Правилникот за начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани. Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и на економскиот живот во општеството. Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување, како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од која било возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво, пак, дава можност за севкупен развој на заедницата. Општа цел на Програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, како и условите за работа.Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Општина Делчево го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

Воспитно-образовниот процес во Општина Делчево се реализира во три образовни институции

од кои две се деветолетки, а еден средношколски центар. Во Делчево во учебната 2025/2026 учат вкупно 1236 ученици од кои 600 се машки, а 636 се женски, а вкупниот број наставен кадар и помошен персонал во училиштата е 237 од кои жени се 158, а мажи 79. Инаку, освен двете централни училишта за основно образование функционираат и седум подрачни училишта од кои четири подрачни училишта држат настава до петто одделение, а три подрачни училишта се со комплетно основно образование.Условите за реализација на наставата во училиштата во Општина Делчево се прилагодени согласно со Законот за основно и средно образование. Наставата во училиштата се изведува во една смена. Во рамките на трите образовни институции постојат и спортски сали кои даваат голем придонес во развојот на спортот и училишните спортски клубови.

Правејќи анализа и користејќи споредбени податоци во Делчево се доведува до заклучок дека е алармантна состојбата со намалување на бројот на ученици. Во Делчево во тековната учебна година учат 145 ученици помалку во споредба со учебната 2022/23 година. Најголем пад на бројот на ученици има во СОУ, каде пред две години учеле 390 ученици (177м/ 213ж), а во тековната 2025/2026 учебна година 304 (173ж/131м) или има намалување на бројот на ученици за 86 ученици.

Исто така, перманентно опаѓа и бројот на запишани првачиња. Во тековната 2025/2026 година во двете основни училишта се запишале –111 првачиња (56 м/ 55 ж), а споредбено со учебната 2022 г, кога се запишале 115 првачиња, додека пред 10 години, односно во 2015 г. вкупно првачиња се 142.

Водејќи се од целите за поттикнување за постигнување подобри резултати во образовниот процес на учениците/чките и наградувајќи го вложениот труд на талентираните ученици/чки, Општина Делчево воведе неколку мерки кои значат: поддршка на учениците и на нивните родители, но и даваат стимулација за да се запишуваат учениците во делчевските училишта, а воедно и наградувајќи го вложениот труд и постигнатите резултати на талентираните ученици. За таа цел се воведе еднократен паричен надомест во висина од 3.000 денари а од 2026 година се покачува на 4000 денари за секое запишано прваче во Делчево, а Општината доделува годишно 23 стипендии за одлични средношколци и талентирани студенти и една стипендија за ученик/чка со попреченост. Процесот на доделување стипендии е транспарентен и преку јавен повик. На предлог на градоначалникот досегашното наградно патување на најдобрите 10 матуранти од гимназијата, се заменува со ваучери од по 20.000 денари за 15 матуранти, Значи Програмата треба да се измени на страница 9.

Покрај училиштата во Општина Делчево функционира и детската градинка „Весели Цветови". Во детската градинка за 2025 /2026 година се згрижени 300 деца од кои 282 Македонци, Роми 17 и 1 Турци од кои 155 машки и 145 женски. Број на деца на листа на чекање се 39.
Во 2024/2025 година во установата биле згрижени 323 деца
Во 2023/2024 година во детската градинка се згрижени 358 деца.

Воспитно-образовната дејност се одвива во еден објект, а како проблем се јавува големата листа на чекање за влез во детската градинка. Така, околу 130 дечиња ќе бидат прифатени во новата детската градинка. За таа цел во Делчево преку МТСП се инвестираше во изградба на нова детска градинка која треба да ја анулира листата на чекање и да овозможи современи услови за згрижување на дечињата и за воспитно-образовниот процес што значи инвестиција во раниот детски развој. Инвестицијата е вредна околу 60 милиони денари. Новата детска градинка е на локација во населбата Расадник и е со капацитет од 130 дечиња. Изградбата на градинката е завршена во тековната 2025 година и за оваа година се планира и партерно уредување и опремување на градинката со потребниот мебел, опрема и дидактички материјали за наставниот процес.

Финансиската конструкција за реализација на оваа прграма е 8.422.200 ден.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој предложи амандмани во врска со оваа Програма и тоа:

**1.(Дополнување по поглавјето III „Анализа на состојбата“)**

По поглавјето III. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА во Програмата за образование за 2026 година се додава ново поглавје, кое гласи:

„III-а. Локална стратегија за задржување и привлекување ученици“

1.Општина Делчево се задолжува најдоцна до 30 јуни 2026 година да изработи Локална стратегија за задржување и привлекување ученици.

2. Стратегијата задолжително содржи:

-анализа на причините за намалување на бројот на ученици,

-мерки по образовни нивоа (претшколско, основно и средно образование),

-временска рамка за имплементација,

-мерливи индикатори за следење на ефектите.

3.Стратегијата се доставува до Советот на Општина Делчево на разгледување и усвојување.

Со овој амандман се гради стратегија за задржување на ученици, не само финансиски стимул.

**2.(Дополнување во делот за унапредување на квалитетот на образованието)**

Во поглавјето Специфична цел 3 – Подобрување на квалитетот на образовниот процес, по постојните мерки, се додава нова мерка, која гласи:

Формирање Совет за образование и локална економија како советодавно тело, составено од претставници на Општина Делчево, основните и средното училиште, локалната бизнис заедница и родители, со цел поврзување на образованието со потребите на локалниот пазар на труд и развој на практична настава и менторство.

Со овој амандман се поврзува образованието со локалната економија.

**3.(Дополнување во делот за средно образование)**

Во делот од Програмата што се однесува на средното образование и развојот на образовните програми, се додава нова точка, која гласи:

Општина Делчево ќе иницира постапка пред Министерството за образование и наука за воведување нови образовни профили и програми во СОУ, согласно потребите на локалната економија и интересите на учениците, со посебен фокус на ИТ-вештини, агро-претприемништво, прехранбена технологија и зелени занимања.

Со овој амандман се воведуваат нови образовани програми и профили.

**4.(Дополнување во делот за наставен кадар)**

Во поглавјето Специфична цел 3 – Подобрување на квалитетот на образовниот процес, во делот што се однесува на обуки и професионален развој на наставниот кадар, се додава нова активност, која гласи:

Развивање и спроведување локални стимулативни мерки за поддршка и задржување на наставниот кадар, вклучително и кофинанансирање на стручни обуки, поддршка за млади наставници и награди за иновативни наставни практики.

Со овој амандман се дава поддршка на наставниот кадар, како клучен фактор за квалитет.

**5.(Дополнување во поглавјето IX „Следење и известување“)**

Во поглавјето IX. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА се додава нова точка, која гласи:

Општина Делчево е должна најмалку еднаш годишно да подготви и достави извештај до Советот на Општина Делчево за ефектите од реализацијата на Програмата за образование, со посебен осврт на бројот на запишани ученици, искористените финансиски мерки и постигнатите образовни резултати.

Со овој амандман се условуваат финансиските мерки со резултати.

**6.(Дополнување во делот за воннаставни активности и вклучување на заедницата)**

Во поглавјето Специфична цел 4 – Воннаставни активности, по постојните активности, се додава нова активност, која гласи:

Организирање најмалку една јавна годишна дебата за состојбите и приоритетите во образованието, со учество на родители, наставници, ученици и граѓански организации, при што заклучоците од дебатата се доставуваат до Советот на Општина Делчево.
Со овој амандман се постигнува поголема транспарентност и вклучување на јавноста.
Горан Димитровски предложи наместо прогласување на 1 превенец на генерација да се прогласуваат со цел стимулација на учениците.
Ванчо Новослеслки истакна дека се знае што е првенец на генерација, само 1 ученик/ученичка може да биде првенец на генерацијата, не може 3 да бидат први, во се и секаде прв е само еден.
На гласање беа ставени амандманите предложени од страна на СДСМ.
Со 3 гласа „ЗА“ и 12 „воздржани“, Советот на Општина Делчево не ги прифати амандманите.
На гласање беше ставен и предлогот на Г.Димитовски.
Со 3 гласа „ЗА“ и 12 „воздржани“, Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот.
На гласање беше ставена Програмата за образование за 2026 година.
Со 11 гласа ЗА“ и 4 „воздржани“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за спорт за 2026 година.

Тринаесетта точка-Предлог-Програма за работа во обласста на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека предмет на оваа програма е располагањето, управувањето и менаџирање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на општина Делчево дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија за време на календарската 2026 година, а врз основа на донесените Урбанистички планови од страна на Советот на општина Делчево, врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење. Истата е изготвена врз основа на Законот за локалната самоуправа член 36 („Сл. Весник на РМ“ 5/2002), член 99 од Закон за градежно земјиште („Сл. Весник на РМ“ бр. 15/15; 44/15; 98/15; 193/15; 226/15; 30/16; 31/16; 142/16 ,190/16, 275/2019 , 90/2020 и 101/2021), Статутот на општина Делчево (Сл. Гласник бр. 15/13,2/19 и 1/21) и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп. Во програмата се ставени 9 локации, градежни парцели со графички приказ, тоа се слободни локации и „чисти“ т.е. нема никакви пречки и може да се располага со нив. Ако имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој истакна дека барал оваа точка да се симне од дневен ред од повеќе причини и праша како, на кој начин е одредена почетната цена 1600 денари/м2 за ГП 1,27 - опфат Б4 и дали е точна вкупната сума 17.328.056 денари, бидејќи ако се помножат површините и почетната цена, не е таа вкупна сума. Не е во ред да се даваат непотполни и неточни податоци без целосна документација, јасно образложение и целосни информации во врска со оваа Програма. Тој рече дека имало направено грешки кај локациите 8 и 9. Кај локацијата 8 наместо сумата за почетна цена од 148962 денари треба да стои 244122 и кај локацијата 9 наместо 198456 денари треба да стои 15132. Исто така вкупната сума наместо 17.328,056 треба да биде 17.388.854,27 денари.

Барам од претседателот пауза од еден час.

Претседателот даде пауза од пола час со цел за да се направи корекција на грешките и да се подели нов материјал.

По паузата од страна на Г.Петровски беа доделени нови материјали на советниците, коригирана Програма.

Игор Гошевски праша дали тоа е усогласено со орбанистичкиот план и што ќе добие општината од тоа?

Горан Петровски рече дека намената на сите парцели е согласно важечкиот урбанистички план, кој што ќе игради јас не знам, рече тој.

Тони Стаменковски праша зошто ГП 8 има багателна цена само 61 денар/м2?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека интересот на Општина Делчево е на таа парцела да се изгради катна гаража и да биде во склоп со намената на другите парцели или објекти што ќе се изградат. Кога тие градежни парцели ќе бидат дадени на лицитација не значи по автоматизам дека ќе се отуѓат за 61 денар за м2, можеби ќе достигне повисока цена до 200 евра, 61 денар е почетна цена и тие цени не се измислини од некој од нас, тие со усогласени со ДУП, Законот за градежно земјиште и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп. Голем дел од тие градежни парцели се со сосоптвеници и се потешки за решавање. Во врска со оваа Програма јас како градоначалник размислувам на подолг рок и како менаџер, имам намера да привлечам повеќе инвеститори и повеќе приходи на општината.

Тони Стаменковски рече дека со оваа почетна цена 61 денар/м2 секако дека Општината ќе најде купец, рече дека со продажбата на градежносто земјише ќе загубиме сите и праша зошто Општината да не направи катна гаража и да вработи неколку вработувања?

Градоначалникот рече дека би му било мило советникот да најде некој заинтересиран за изградба на катна гаража ако има сомнеж дека ќе се случи нешто незаконско, а во врска со почетната цена тој рече дека за привлекување на инвеститори секоја општина треба да дава некои поволности. Инаку, Општина Делчево е со блокирана сметка и работи со рамка, не може да си дозволи изградба на катна гаража која за Општина Делчево е пртеголема инвестиција, плус тоа има доволно паркинзи кои само треба да се доопремат. Продажбата на тие парцели не е еднократен приход, напротив, секој инвеститор ќе плати и комуналии на сметка на општината, ќе се отворат нови места, ќе се зголеми куповната моќ на граѓаните, ќе се зголеми приходот на Општината по основ на ДДВ, повеќе луѓе ќе земаат плати и ќе ги трожат тука. А како ќе се трожат парите од продажбата на ова земјиште, секако, ќе одлучува Советот и воопшто не е точно дека ќе се потрошат за плати како што мислите Вие. Сакам да се оплемени овој простор околу Општината, градинката, училиштето, еве има се градат и нови згради, зошто да не е уреден овој простор. Исто така сакам да се објават и слободни градежни парцели на потегот сегашниот монопол и населбата „Стар монопол“ како и да се ревитализита ТИРЗ-зоната.

Игор Гошевски праша-што ќе се гради на другите парцели согласно ДУП-от?

Градоначалникот рече дека по планот, на просторот зад бината, е предвиден конгресна сала, спортска сала, детски игралишта.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа програма со корекциите.

Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општина Делчево. Во врска со оваа точка таа истакна дека се отпишуваат од книговодствената евиденција следните движни ствари:

- Греалка Kumtel, 1 број, пописен број 11-190, од архивата на општината, неупотреблива;
- Црвени канцелариски столови од штоф, 2 броја, пописен број 11-194 и 11-195, од архивата на општината, скршени, неупотребливи;
- Канцелариски кожен (скај) стол во црна боја, 1 број, пописен број 11-168, од канцеларија број 4 во општинската зграда, скршен и неупотреблив;
- Принтер Aficio MP2000, 1 број, пописен број 11-218, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив;

- Принтер Canon IR2018, 1 број, пописен број 11-219, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив;
- Принтер Canon IR2016, 1 број, пописен број 11-670, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив;
- Принтер Sharp AR-5618, 1 број, пописен број 11-237, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив и
- Принтер Samsung, 1 број, пописен број 11-435, од старата општинската зграда- канцеларија на Инспекторат, стар, дотраен, неупотреблив.

Горенаведените движни ствари се наведени во Извештајот за годишниот попис на основните средства и ситниот инвентар и попис на градежни објекти во сопственост на Општина Делчево за 2025 година, заведен под архивски број 08-2905/1 од 16.12.2025 година.

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука со пописни броеви: број 11-194, број 11-195 и број 11-168 да се предадат на овластено правно лице за собирање на отпад на територијата на општината како неупотребливи.Општина Делчево определува ЈКП „Брегалница" Делчево да изврши одлагање на движните ствари наведени во членот 2 од оваа Одлука на соодветна локација.

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука со пописни броеви: број 11-190, број 11-218, број 11-219, број 11-67, број 11-237 и број 11-435 да се предадат на овластено правно лице за собирање на електричен и електронски отпад како неупотребливи.
Општина Делчево го определува Друштвото за управување со отпад „НУЛА ОТПАД" ДОО Скопје да изврши одлагање на движните ствари наведени во членот 3 од оваа Одлука.

Примопредавањето на движните ствари наведени во членовите 2 и 3 на оваа Одлука се врши врз основа на Записници кои ги потпишуваат членовите на Комисијата за вршење годишен попис за 2025 година и одговорните лица на ЈКП „Брегалница" Делчево и Друштвото за управување со отпад „НУЛА ОТПАД" ДОО Скопје.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменсковски кој праша дали и колку општина Делчево ќе има корист од тоа отпишување на движни ствари и побара копија од Записник.

Стефанија Стојчевска рече дека речиси сите тие движни ствари наведени во одлуката се дотраени и неупотребливи и секако дека советникот ќе добие копија од записникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Деклчево ја донесе и оваа одлука.

**Петнаесетта точка-Годишен извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2025 година со Заклучок за усвојување**;

Образлагач по оваа точка беше директорката на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека сите советници го имаат Извештајот и таа нема да чита . Таа истакна дека и во 2025 година библиотеката работела, организирала и реализирала многу активности. Извешатајот содржи 76 реализирани идеи и одбележени настани и датуми и уште 7 активности кои не се дадени во Извешатајот, затоа што се реализирале откако извешатјот бил доставен до советниците.

Од сите активности таа ја издвои посетата на амбасадорката на Сојузна Република Германија во Македонија , Петра Дрекслер,која на нејзино барање ја посетила нашата библиотека. Подарокот што библиотеката го добила од Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан, примероци од седумтомната книга „Слова за Словото", како фактот што нашата библиотека е една од првите и ретките библиотеки во државата која веќе има дигитализирано неколку дела на наши роднокрајни автори.

Програмските активности на ЈЛБ„Илинден" се дефинираат според законските прописи и планови за работа и развој на современото библиотечно работење во Македонија, како и според плановите за развој на културата на локално ниво. Дејноста на библиотеката се темелни на Законот за култура и Законот за библиотеки. Сите библиотечни ресурси беа достапни за нашите корисници.Библиотечната услуга и едуцираноста на вработените, заедно со библиотечниот простор, опрема и фондовите беа на нивно располагање.

ЈЛБ„Илинден"-Делчево и во наредната година ќе планира и спроведува активности и ќе

соработува со разни институции.
ЈЛБ„Илинден", со години ги следи информациските трендови на нашето граѓанство, водејки се од тие задолженија, библиотеката е една од алките на македонската библиотечна мрежа, и во 2025 година со успех продолжи со својата работа на полноправна членка во рамки на библиотечно-нформацискиоте систем на платформата COBISS.MK и има внесено 49 791 книга. Поголем дел од активностите во следната година,ќе се фокусираат на роднокрајното одделение, дигитализацијата како процес на кој мораме да се приклучиме, и маркетинг на целокупната работа на библиотекатаза да ги привлечеме граѓаните да доаѓаат во библиотеката, со оглед на тоа што електронското читање зема се поголем замав.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јавија Тони Стаменковски и Игор Гошевски кои упатија пофални зборови за Извештајот и за работењето на библиотеката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2025 година.

**Шеснаесетта точка-Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2026 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден„-Делчево која истакна дека програмата за работа на библиотеката ја имаат сите советници , а таа ќе издвои само дел од неа.Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден"- Делчево е законска обврска согласно член 12 став 3 и 4 од Законот за библиотеки , член 11 став 3 од Статутот на ЈЛБ„Илинден"- Делчево и со претходна Одлука на Управниот Одбор на ЈЛБ„Илинден"- Делчево.Програмата за работа за 2026 година е изготвена врз основа на досегашните резултати,стратешки насоки на библиотеката и приоритетите утврдени во локалните и националните културни политики.Во неа се предвидени активности насочени кон збогатување на библиотечниот фонд,дигитализација и заштита на културното наследство,поттикнување на читањето ка јсите возрасни категории, како и јакнење на соработката со образовните и културните институции. Со реализација на предвидените активности,ЈЛБ„Илинден"-Делчево ќе продолжи да ја исполнува својата улога како современа, отворена и достапна установа што одговара на потребите на заедницата,придонесувајќи кон културниот и образовниот развој на општина Делчево.Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден"-Делчево за 2026 година е стратегиски документ од областа на културата.И во текот на 2026 година ќе продолжи практиката за утврдената набавна политика – да се набавува секое издание од македонски издавач и автор, да се посвети внимание на стручната литература, лектирите во поголем број и сл.Исто така ќе се набавуваа и сите други наслови од разни автори, се она што е актуелно, барано и интересно за читателите.Редовно ќе се набавуваат и дневните весницин кои библиотеката години на назад ги набаува. Најредовни членови на библиотеката се учениците и од средното и од основното образование.И во текот на 2026 година, библиотеката ќе се потруди да ги задржи и да привлече и нови членови од сите возрасти.Студентите се се почести во библиотеката па за нив и се набавува стручна литература. Стручната литература исто така ја користат и средношколците за проекти и усовршување на наставата. Поголемо внимание се посветува и на набавка на белетристиката за деца и за возрасни што ја бараат читателите од сите категории. За најмалите читатели се купуваат сликовници , енциклопедии, лексикони и речници.Исто така се очекува и литературата која ја добиваме од Министерството и НУБ.Библиотеката ја завршува годината,заклучно со 15.12.2025 година со вкупно 528 членови, од кои 320 се активни.Во годината што изминува библиотеката за книги потрошила 40.000,00 денари и 99.000,00 денари проект финансиран од Министерството за култура и туризам. За 2026 година за книги се планирани 53.808,00 денари и повторно чекаме одобрени сретства од Министерството,преку проект.

Завршно со 15 декември 2025 г. ЈЛБ„Илинден", во COBISS системот има внесено 49 791 книга.

Во 2026 година на библиотеката и се одобрени 9.841.292,00 мкд. денари утврдени според Методологијата на Министерството за култура, од кои за бруто плати и К-15 отпаѓаат 9.214 600,00 мкд. денари.За струја се предвидени 280 000,00денари. За останати трошици 346 692,00 мкд , кои ако се поделат по месеци во текот на годината, имаме 28.891,00 денари месечно.Со тие пари тешко дека ќе можеме да ги покриеме сите трошоци и потреби на библиотеката.

Библиотеката во 2026 година во рамки на своите кадровски и финансиски можности ќе реализира и други активности, а во реализацијата ќе бидат вклучени сите вработени како и соработници од други институции,а сето тоа во соработка со училиштата и сродните институции во градот и пошироко. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски која ја пофали оваа програма.Тој особено ја потенцираше последната реченица на директорката која рекла дека иако се малку средства, сепак библиотеката ќе се потруди да реализира се што е предвидено со оваа програма. Затоа тој предложи Советот и Општината, да земат обврска доколку има потреба финансиски да се помогне работењето на библиотеката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Програма за јавна чистота во Општина Делчево за 2026 година;**

Образлагач по оваа точка Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура, која рече дека под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево.

Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,

-Миење на улиците и јавните површини,

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси,

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,

-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.

Во програмата табеларно се дадени податоци за динамиката, временските рокови и начините на извршување на сите работи кои се предвидени да се извршат во 2026 година, како и преглед на финансиските средства потребни за извршување на оваа Програма.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече од каде е извлечана оваа сума од 1.733.970 денари?

Татјана Стојковска рече дека оваа сума е врз основа на податоци од ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа програма.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година ;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Вангеловски-Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај кој рече дека со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година бр.09-238/1 од 29.01.2025 година објавена во Службен гласник на Општина Делчево бр.3/2025 и тоа:

Во точката **5. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба** по точката о), се додава нова подточка п) која гласи:
п) Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објектите предвидени согласно „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б5.1 – Хотелски комплекси на дел од КП 2097, КП 2098 , КП 2105 и КП 2106 КО Делчево, општина Делчево“ ќе се пресметува во висина од максимално инвестираните средства за изградба на инфраструктурни објекти од страна на Општина Делчево и изнесува 20.000 денари по м2 корисна станбена површина за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура, кој опфаќа обезбедување на водоводна мрежа за приклучок на објектите, а останатата комунална инфраструктура инвеститорот сам ќе ја обезбеди во обем кој му е потребен за функционалност на објектот и фекалната канализација која сам ја изградил ќе ја отстапи на општина Делчево. Пресметка за надомест ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точкта аставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „воздржан“, Советот ан Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година.

<u>Деветнаесетта точка-     Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2026 година;</u>

Образложение поднесе А.С.Димитровска која рече дека Буџетот на општината се изготвува, донесува и извршува врз основа на законски и подзаконски прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на општината (Законот за буџетите, Законот за локална самоуправа и Законот за финансирање на ЕЛС, макроекономските индикатори, фискалната стратегија на Владата на РСМ како и стратешките приоритети).
Согласно член 2 точка 8 од Законот за буџети ,Буџетот на општината претставува акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на општината, и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџет на заеми и буџет на самофинансирачки активности.
Буџетот на општината содржи: општ, посебен и развоен дел.

Буџетот на Општина Делчево за 2026 година е изготвен согласно “Насоките за подготовка на буџетите на единиците на локална самоуправа за 2026 година” доставени од страна на Министерството за финансии , и е проектиран во вкупен износ од 481.604.321 денар, и претставува реална, внимателно планирана и одговорна финансиска рамка со следната структура:

Тековно-оперативни расходи: 349.399.171 денар (72,5%)

Капитални расходи: 132.205.150 денари (27,5%)

**ОСНОВЕН БУЏЕТ** во износ од **192.788.125 денари;**

Тековно-оперативни расходи:79.419.668 денари (41%)

Капитални расходи:113.368.457 денари (59%)

**БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** во износ од **13.588.000;**

Тековно-оперативни расходи: 12.345.000 денари (91%)

Капитални расходи: 1.243.000 денари (9%)

**БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ** во износ од **258.001.311 денари**;

Тековно-оперативни расходи:256.237.503 денари (99%)

Капитални расходи: 1.763.808 денари (1%)

**БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ** во износ од **17.226.885 денари**.

Тековно-оперативни расходи:1.397.000 денари (8%)

Капитални расходи: 15.829.885 денари (92%)

Основниот буџет е изготвен во проектираната рамка,и тоа:

- 74.470.395 денари –максимален износ на сопствени приходи на основен буџет;
- 42.901.927 денари- износот на проектираната дотација од ДДВ.

Рамката на основниот буџет е зголемена за пренесен вишок од претходна година во износ од 8.675.002 денари, трансфери од буџетот на РМ во износ од 3.248.000 и по основ на капитални трансфери од други нивоа на власт во износ од 63.492.801 денари, по основ на склучени 8 Договори со Министерството за транспорт, и два Договори со Министерството за животна средина и просторно планирање претходно распределени со Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти (“Сл.весник на РСМ” бр.135/25 година) за реализација на проектите ......

Планирани извори на приходи во буџетот за 2026 година од кои ќе се финансираат расходите на општина Делчево се:

**а.Даночни приходи**
**б.Неданочни приходи**
**в.Капитални приходи**
**г.Трансфери и донации**

| Вид-извор на приходи | Износ | Процент на учество во вк. приходи |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 64.315.000 | 13,5% |
| Неданочни приходи | 10.358.000 | 2,0% |
| Капитални приходи | 4.685.395 | 1,0% |
| Приходи од трансфери и донации | 402.245.926 | 83,5% |
| **ВКУПНО:** | **481.604.321** | **100%** |

***а) Даночни приходи:***

Даночните приходи кои се планирани во износ од **64.315.000** денари се:

| Приходно конто | Вид на даночен приход | износ | % на учество во даночните приходи |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, од добивка и капитални добивки | 8.065.000 | 12,5% |
| 713 | Даноци на имот | 22.000.000 | 34% |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 33.920.000 | 53% |
| 718 | Такса за користење или дозволи за вршење на дејност | 330.000 | 0,5% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ВКУПНО: | 64.315.000 | |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека со најголемо учество од 53% се планирани приходите од даноци на специфични услуги (во нив влегуваат комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, надомест за уредување на градежно земјиште, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, надомест за одржување на јавна чистота и др.). Со 34%учество се планирани приходите од даноци на имот( во нив влегуваат, данок на имот од физички лица, данок на имот од правни лица, данокот на промет на недвижности и данок на наследство и подарок). Остатокот од 13% е планирано за прибирање на приходи по основ на данок од доход, од добивка и капитални добивки), и незначително е учеството на приходите од такси на користење или дозволи за вршење дејност.
Ако посебно се анализираат само даноците од имот се согледува следната структура и учество во вкупниот износ на овој вид данок:

| Приходно конто | Вид на данок на имот | Износ | % на учество во даноците на имот |
|---|---|---|---|
| 7131 | Данок на имот | 11.500.000 | 52% |
| 7132 | Данок на наследство и подарок | 2.500.000 | 11% |
| 7133 | Данок на промет | 8.000.000 | 37% |
| 7135 | Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 0 | 0% |
| | **ВКУПНО:** | **22.000.000** | **100%** |

***б.Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи за 2026 година во вкупниот буџет на Општина Делчево изгледа вака:

| Приходно конто | Неданочен приход | Износ | % на учество во неданочни приходи |
|---|---|---|---|
| | Глоби, судски и административни такси | 620.000 | 6% |
| | Такси и надоместоци | 8.738.000 | 84% |
| | Други неданочни приходи | 1.000.000 | 10% |
| | **ВКУПНО:** | **10.358.000** | **100%** |

Најголемо учество во неданочните приходи имаат такси и надоместоци од такси 84% (овде влегуваат такси за целодневна и претшколска грижа, и други помошни активности во образованието).

***в. Капитални приходи***

Капиталните приходи за 2026 година се проектирани на износ од 4.685.395 денари, и тоа од:

| **Приходно конто** | **Капитален приход** | **Износ** | **% на учество во капитални приходи** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РСМ | 720.395 | 15% |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 2.000.000 | 43% |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор) | 50.000 | 1% |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) | 850.000 | 18% |
| 733131 | Приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 5.000 | |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 1.000.000 | 21% |
| 733149 | Надомест за воспоставена службеност врз земјоделско земјиште во сопственост на РСМ | 60.000 | |
| | **ВКУПНО:** | **4.685.395** | **100%** |

*г. Трансфери и донации*

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите во вкупниот буџет на Општината за 2026 година се застапени во следниве износи:

| Приходно конто | Трансфери и донација | Износ | % учество на трансфери и донации |
|---|---|---|---|
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 385.019.041 | 96% |
| 742 | Донации од странство.. | 17.044.885 | 4% |
| 744 | Тековни донации | 182.000 | 0% |
| | **ВКУПНО:** | **402.245.926** | **100%** |

Вкупните расходи на буџетот на општината за 2026 година изнесуваат 481.604.321 денар. Буџетскиот дефицит е планиран на износ од 8.815.002 денари. Повисоките расходи се финансирани од други приливи, односно од пренесеното салдо од минати години и од домашно

задолжување.

Структурата на расходите во буџетот на општината се состои од тековно оперативни и капитални расходи.

а) Тековно оперативни расходи

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно-оперативните и капиталните расходи. Износот на тековно-оперативните расходи во предлог буџетот за 2026 година изнесува 349.399.171 денари или 72,5%, додека во основниот буџет планираниот износ е 79.419.668 денари или 41%.

Платите се неопходни за функционирање на општината и се планира да опфатат околу 59% од вкупно планираните расходи во вкупниот буџет, додека во основниот буџет опфаќаат 25% од планираните расходи во основниот буџет.

Средствата од тековната резерва се користат кога за одредени итни потреби на општината или буџетските корисници не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ. Расходите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација на расходи.

| | Расходи по екон.класификација | Износ | Проц. учество во вк. расходи |
|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 282.396.719 | 59% |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 300.000 | % |
| 42 | Стоки и услуги | 52.497.952 | 11% |
| 45 | Каматни плаќања | 1.800.000 | % |
| 46 | Субвенции и трансфери | 5.827.500 | % |
| 47 | Социјални бенефиции | 1.417.000 | % |
| 48 | Капитални расходи | 132.205.150 | 27% |
| 49 | Отплата на главница | 5.160.000 | % |
| | **ВКУПНО:** | **481.604.321** | **100%** |

Во делот на расходите, стоки и услуги опфаќаат 11 %, каде што покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и дел од тековното одржување на основното и средното образование, библиотекарството и детската заштита.

Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од **132.205.150 ден**. или **27%** од вкупниот буџет, додека во основниот буџет се планирани во износ од **113.368.457 денари или 59%** од основниот буџет, и во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти за улици и патишта, надомест за одземен имот, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината.

Распоредот на капиталните расходи по расходни конта во основниот буџет изгледа вака:

| Расходно конто | Опис на расходно конто | Износ | % на учество во капит. расходи во основен буџет |
|---|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.000.000 | 1% |
| 482 | Други градежни објекти | 107.368.457 | 95% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 4.000.000 | 4% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ВКУПНО: | 113.368.457 | 100% |

Во основниот буџет капиталните расходи се планирани во износ од **113.368.457 денари**, во најголем дел се однесуваат на:

- Изградба на нова детска градинка во Општина Делчево;
- Партерно уредување на новата детска градинка;
- Изградба на улици во Централно градско подрачје (ст.ул.5, ст.ул.4, крак од ст.ул.4, ст.ул.1, пешачка патека 1, пристапна улица 1);
- Изградба на улици во СРЦ
- Изградба на улици во населба Пролет
- Реконструкција на улица Индустриска
- Атмосферскаи фекална канализација на ул.Индустриска
- Реконструкција на дел од улица во с.Звегор
- Изградба на краци од ул.Драмечка и улици во населба Басарица
- Изградба на дел од улица Видое Смилевски Бато со потпорен ѕид
- Регулација на коритото на река Брегалница возводно 320 мтр.
- Реконструкција на дел од улица Кочо Рацин
- Општт тендер (изградба на улиците Петрашевска, Чифличка, Ветренска, Влаинска, Грозданец, улица во с.Град, крпење на ударни дупки)
- Изградба на скејт парк (ИПА проект)
- Регулација на Брегалница 300 мтр возводно (ИПА проект)
- Набавка на нова урбана опрема за детските паркови;
- Изградба на фекални и атмосферски канализации;
- Зимско и интервентно одржување на улици и општински патишта ;
- Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема;
- Надзор над изградба на објекти;
- Надомест за одземен имот и други расходи.

**Тековно оперативните и капиталните расходи се дадени во посебниот дел од Буџетот на општината распределени по соодветни програми и потпрограми.**

Овие расходи планирани во Буџетот на општината се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во Општината.

Таа истакна дека сето ова погоре наведено укажува дека Буџетот на Општина Делчево има развојна компонента, што се гледа и од учеството на капиталните расходи од 59% во вкупните расходи на основниот буџет.

Со ваквата распределба на средствата, Општина Делчево го става фокусот на проекти од суштинско значење, како што се подобрување на патната и комуналната инфраструктура, инвестиции во образованието, поддршка на спортот и културата, унапредување на социјалната заштита и заштитата на животната средина. Посебно внимание е посветено и на рационално и домаќинско трошење на јавните средства.

Буџетот за 2026 година е развоен, изготвен е врз основа на реалните потреби на граѓаните и претставува резултат на спроведени анализи, предлози и приоритети произлезени од директна комуникација со локалната заедница, преку форуми во заедницата, јавен повик за невладини организации, онлајн предлози и бројни неформални средби.

Во претстојниот период, Општина Делчево ќе обезбеди транспарентна и отчетна реализација на Буџетот, со редовно информирање на јавноста за текот на проектите и трошењето на буџетските средства. Доколку имате некакви прашања, повелете, рече А.С.Димитровска.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали се планира доизградба на улиците „Голачка“ во Први реон, краен дел и ул. „Ванчо Прке“ краен дел.

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски рече дека овие улици што ги спомнал советникот не може да се доизградат бидејќи е надвор од урбаниостичкиот опфат. Деталниот урбанистички план е до „скалата“. Значи, потребна е урбанизација.

Претседателот на Комисијата за буџет, финансирање и ЛЕР истакна дека Комисијата имала седница, го разгледала Буџетот на Општина Делчево и предлага Советот на Општина Делчево да го донесе истиот во предложената форма.

Тони Стаменковски рече дека со овој Буџет се планира зголемување на платите на административните службеници, па би било добро да се покачат платите и на вработените во приватниот сектор.

Претседателот на Советот, Николчо Стојменовски рече дека сугестијата е добра, но нема механизам со кој Советот или Градоначалникот би влијаеле на тоа.

Градоначалникот истакна дека околу празникот Водици се очекува во неговиот кабинет да се оствари средба со Локално-економскиот совет при што ќе се разговара за овие теми.

Бидејќи никој друг од советниците не се јави за збор, за збор се јави Градоначалникот кој истакна дека Буџетот на Општина Делчево за 2026 година. Буџетот за наредната година е проектиран во износ од 481.604.321 денар, додека Основниот буџет е 192.788.171 ден. Капиталните расходи во вкупниот буџет се 132.205.150 ден, а тековно- оперативните расходи се проектирани во износ од 349.399.171 денар или 72,5%. Во Основниот буџет тековно-оперативни расходи изнесуваат 79.419.668 денари (41%), додека капиталните расходи изнесуваат 113.368.457 денари или 59%.

Како што истакна градоначалникот Гоцевски, Буџетот за наредната година е развоен, затоа што најголем дел од проектираните средства во Основниот буџет-59%- се расходи наменети за капитални проекти.

– Буџетот е реален, одговорен и насочен кон граѓаните. Креиран е со внимателна анализа, отворен дијалог и заедничка работа. Во неговиот фокус се: подобрување на квалитетот на животот, инвестиции во инфраструктура, образование, социјална заштита, спорт и култура, поддршка на граѓанскиот сектор, како и поддршка на ранливите категории граѓани. Вложувањето во капиталните проекти е повеќе од потребно за да имаме добра економија, здрава локална смоуправа и транспарентни процеси кои се темелат на потребата од усогласување на различните потреби на граѓаните, посочи Гоцевски.

Во 2026 година продолжува реализацијата на 10-те развојни програми кои тежат над 111 милиони денари, средства одвоени од Владата:

- Изработка на техничка документација на ниво на основен проект за реконструкција на постоечка водоводна мрежа-главен цевковод Лошана-Општина Делчево

– ставање во функција на новата детска градинка во Општина Делчево;

-Партерно уредување на новата детска градинка;

-Изградба на улици во Централно градско подрачје (ст.ул.5, ст.ул.4, крак од ст.ул.4, ст.ул.1, пешачка патека 1, пристапна улица 1);

– Изградба на улици во СРЦ
– Изградба на улици во населба Пролет
– Реконструкција на улица „Индустриска“
– Атмосферскаи фекална канализација на ул. „Индустриска“
– Реконструкција на дел од улица во с.Звегор
– Изградба на краци од ул.„Драмечка“ и улици во населба Басарица
– Изградба на дел од улица „Видое Смилевски- Бато“ со потпорен ѕид
– Регулација на коритото на река Брегалница возводно 320 мтр.
– Реконструкција на дел од улица „Кочо Рацин“
– Општ тендер (изградба на улиците „Петрашевска“, „Чифличка“, „Ветренска“, „Влаинска“, „Грозданец“, улица во с.Град, крпење на ударните дупки)
– Изградба на скејт- парк (ИПА проект)
– Регулација на Брегалница 300 мтр возводно (ИПА -проект)
– Набавка на нова урбана опрема за детските паркови;
– Изградба на фекални и атмосферски канализации;
– Зимско и интервентно одржување на улици и општински патишта ;

– Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема;
– Надзор над изградба на објекти;
– Надомест за одземен имот и други расходи.

Тони Стаменковски се надева дека Градоначалникот и администрацијата ќе го реализираат овој Буџет и праша зошто не се издвоени средства за водоснабдувањето на с. Разловци и с. Вирче?

Градоначалникот рече дека средствата за водоснабдување на с. Вирче се обезбедени од претходниот градоначалник, значи средства има од Швајцарската донација, ама има пречки од технички карактер помеѓу Министерството за земјоделство и водостопанство. Во врска со водоснабдувањето на с. Разловци има одлука на Совет, но средствата се недоволни, од страна на Општината се барани повеќе средства, но во 2025 година не се одобрени. Потребно е препумпување на водата, можеби времени решение ќе се бара со каптажи. Инаку, с. Разловци воопшто не е заборавено, таму ќе се реализира еден капитален проект со средства од Владата на РСМ, а тоа е реконструкција на домот.

Игор Гошевски рече дека во Буџетот за 2026 година не гледа средства за Дом за стари лица, дали општината размислува за изградба на таков дом?

Градоначалникот истакна дека во 2026 година не се планира изградба на Дом за стари лица од страна на општината , има приватна инвестиција, а во 2027 година ќе се планираат средства и ќе се интервенира.

Тони Стаменковски праша дали во 2026 година ќе има доволно средства за плати на вработените во одновното образование?

А.С.Димитровска рече дека оваа година малку се намалени дотациите за основното образование, но од страна на Министерството за образование е ветено дека со Ребалансот на Буџетот средствата ќе бидат добиени.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор по оваа точка, претседателот ја затвори расправата и на гласање беа ставени амандманите (20) поднесени од страна на Советничката група на СДСМ.

1.На гласање беше ставен **1.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 12 „воздржани“, амандманот не беше прифатен.

**2.**На гласање беше ставен **2.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

3.На гласање беше ставен **3.**амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“, амандманот не беше прифатен.

4.На гласање беше ставен **4.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“, амандманот не беше прифатен.

5. На гласање беше ставен **5.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

6. На гласање беше ставен **6.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

7. На гласање беше ставен **7.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

8. На гласање беше ставен **8.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

9. На гласање беше ставен **9.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

10. На гласање беше ставен **10.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

11. На гласање беше ставен **11.**амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

12. На гласање беше ставен **12.** амандман.

Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.

13. На гласање беше ставен **13.** амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.
14. На гласање беше ставен **14.**амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.
15. На гласање беше ставен **15.** амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.
16. На гласање беше ставен **16.** амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.
17. На гласање беше ставен **17.** амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен
18. На гласање беше ставен **18.** амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.
19. На гласање беше ставен **19.** амандман.
Со 3 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ и 1 не гласал, амандманот не беше прифатен.
20. На гласање беше ставен **20.** амандман.
Со 4 гласа „ЗА“ и 11 „воздржани“ , амандманот не беше прифатен.

Процедурална забелешка имаше Игор Гошевски кој рече дека согласно Деловникот е нарушена процедурата бидејќи претседателот не дозволил на предлагачот на амандманите истите да ги образложи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, рапravата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „водржани“, Советот на Општина Делчево го донесе Буџетот на Општина Делчево за 2026 година.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за извршување на буџет на Општина Делчево за 2026 година;**

Точката ја образложи А.С.Димитровска која рече дека станува збор за стандардна одлука која секоја година се донесува заедно со Буџетот, нема посебно да ја образлага, а ако советниците имаат некои прашања, слободно да ја прашаат.

Тони Стаменковски праша како Оддлението за буџет планира да ја спроведе оваа одлука односно член 12 (надоместок на члeновите на Совет) и член 5-рок за доставување на Нацрт-Буџетот најдоцна до 15 ноември?

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на висината на бодот за утврдување на плата на административни службеници на општина Делчево за 2026;**

Образложение поднесе А.С.Димитровска која рече со неа се утврдува висината на бодот за утврдување на плата на административните службеници. Висината на водот е определена на државно ниво и е иста како и мината година, нема промени.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на висината на бодот за утврдување на плата на административни службеници на општина Делчево за 2026.

**Дваесет и втора точка- Буџетски календар;**

Во врска со оваа точка немаше образложение од страна на образлагачот, таа ги повика советниците да поднесат прашања доколку имаат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали оваа година од страна на Одделението за буџет ќе се испочитуваат роковите за доставување на нацрт-Буџетот дадени во Буџетскиот календар?

А.С.Димитровска рече дека оваа година била изборна година, имало Локални избори и затоа доцнеле со доставувањето ан Нацрт-Буџетот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата и по оваа точка беше затворена, а на гласање беше ставен Буџетскиот календар.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“., Советот на Општина Делчево го донесе Буџетскит календар.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за дополнување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2026;**

Образлагач по точката беше Ана Ситновска Димитровска- Раководител на Одделение за буџет, сметковдство и администрирање на даноцикоја истакна дека со оваа одлука се дополнува Планот на програми за развој кој бил донесен на првата седница, одржана во месец ноември. Станува збор потпишување на нов Анекс на договорот од унгарскиот заем за регулација на реката Габровчица, поточно за да може да се изврши плаќањето за завршените работи во 2025 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање 21-2970/1 од 22.12.2025;**

Точката ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до советот има поднесено барање од страна на Македонската православна црква од Делчево, Делчевско-Каменичка епархија, тој предложи сума од 30.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани- нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и петта точка- Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош по барање 21-2971/1 од 22.12.2025;**

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека оваа Одлука се предлага бидејќи до Советот има поднесено барање за финансиска помош за лицето Дафинка Стоименовска од с.Ѕвегор. Се предлага сума 20.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани- нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање 21-2972/1 од 23.12.2025;**

И оваа точка беше образложена од страна на претседателот на Советот кој рече дека ова барање се однесува за финансиска помош на семејството на Марјан Димитровски-Мац и се предлага сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека оваа сума е ниска и побара да се зголеми износот.

Претседателот на Советот рече дека сумата од 30.000 денари е мала, но сепак во рамките на финансиската состојба на Општината, па сепак даде пауза од 10 минути за дополнителни консултации со градоначалникот и Одделението за финансиски прашања.

По паузата претседателот рече дека во консултации со градоначалникот и Одделението за финансиски прашања е договорено сума од 50.000 денари.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и Одлуката за одобрување на финансиски средства по барање 21-2972/1 од 23.12.2025 (сума 50.000 денари).

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства по барање 21-2972/1 од 23.12.2025

**Дваесет и седма точка-Предлог-Решение за именување на членови на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-претсдател на Советот и претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања копј истакна дека до Советот на општина Делчево има поднесено барање од страна на ОЈУДГ „Весели Цветови за именување на тројца членови, претставници на основачот. Според тоа тој ги предложи:

Винко Ангеловски

Наташа Димитровска и

Ивана Ивановска

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

**Дваесет и осма точка-Одлука за Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2026 година;**

**Образлагач** по оваа точка беше Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека ООУ „Св.Климент Охридски“ има поднесено барање за Измена на ГПВ за 2026 година поради смрт на еден вработен, што значи едно упразнето место. Оваа измена е во дел IV планирано зголемување на бројот на вработени Табела 1, се додава едно работно место-хигиеничар. Со тоа се менува вкупниот број 3 на 4, а исто така се менува бројката и на помошно технички лица од 3 на 4. Останатите податоци остануваат непроменети. Бараме од вас, да ни дадете согласност, рече директорот Видимлиски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека ќе ја поддржи оваа точка која била на дневен ред на една од претходните седници, но не било дадено согласност на планот.Имено за оваа точка гласал и негласањето на оваа точка било преседан.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 2 не гласале (се иземаат), Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување.

**Дваесет и деветта точка-.Прашања и предлози на членови на Совет.**

За збор се јави Игор Гошевски, од име на Советничката група на СДСМ, кој го презентираше барањето на група граѓани до Градоначалникот и тоа:

1. Група граѓани кои живеат на ул. „Орце Николов“ бараат од градоначалникот да се разгледа состојбата со К.П. 7348/1 КО Делчево бидејќи истата е напуштен и запуштен објект и место за фрлање на секаков вид отпад.

Со исцрпувањето ан дневниот ред, Третата седница заврши со работа во 13:30 часот.

Записникот го водела — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Снежана Трајкова — Претседател,

Д-р Николчо Стојменовски